Крсте РИСТЕСКИ

# ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЗЕМЈИТЕ СО ПОДОЛГА ЕКОЛОШКА ТРАДИЦИЈА

Како никогаш досега, современата цивилизација се наоѓа пред тешко совладливиот предизвик – како да ја совлада моќта на развојот, како да се амортизира разнишаната рамнотежа меѓу економскиот и техничкиот развој со алармантната состојба во животната средина.

Трката за профит и еуфоричниот ентузијазам на неконтролираниот развој, чија ѕвезда водителка беше дека „човекот смее сè што може, а не мора ништо“ ги „активира“ медиумските средства, речиси секојдневно во јавноста да пласираат информации за еколошки инцидент, нуклеарна експлозија, радијација над нормалата, исчезнување на природните суровини, намалување на кислородот, загадување на водите, исчезнување на растителни и животински видови, еколошка хаварија, еколошка катастрофа, воздух што носи смрт, млеко во прав со присуство на цезиум – за деградација на животната средина, појави кои на современата цивилизација ѝ го наметнуваат прашањето: „Дали човекот смее да прави сè што може“? Ова, покрај другото, ѝ заради тоа што независно од степенот на економската развиеност, од политичките и идеолошките координати, од расата, од верата, полот и од нацијата, сè повеќе се зголемува бројот на оние пред кои сè повеќе е присутна планетарната загриженост за животната средина.

Гигантскиот економски и технички развој на поголем број луѓе им го продолжи животниот век, им го подобри квалитетот на живеењето, направи човекот сè помалку да биде зависен од природата, доведе до состојба кога автономната саморепродуктивна моќ на природата сè повеќе се намалува. Ако порано човекот се гордеел со својот напредок, денес тој човек е соочен со самоуништувачкиот напредок.

Затоа денес еколошкиот проблем е сè поприсутен а со тоа и претензиите и активностите на еколошките движења сè повеќе пораснуваат, поради тоа што еколошкиот проблем не оди „рака под рака“ со економскиот и техничко-технолошкиот развој. Иако ваквите размислувања се продуцирани од рудиментирани, дифузни, приватни

чувства на сè поголем број луѓе, сепак тоа претставува доказ дека еколошката етика сè повеќе станува базична идеја на иднината. Во тој контекст не е на одмет во оваа прилика да се потсетиме на ставот на Бертранд Расел, кој уште повеќе од пред триесетина години има речено: „За да се формулира една задоволителна етика на човековите односи, битно е да се признае нужното ограничување на човековата моќ над мртвата природа, и пожелното ограничување на моќта што едни луѓе ја имаат над други".

Алтернативниот стил на животот, нехуманиот фрагментарен однос на антропогениот фактор над максималниот капацитет, предизвикува нарушување на квалитетот и природните својства на клучните природни медиуми (воздухот, водите и почвата). Неконтролираното нарушување на животната средина ја претвори Земјата во „стаклена бавча" врз која сè повеќе се чувствуваат уништувачките ултравиолетови сончеви зраци, кои, користејќи ја истенчената озонска обвивка, допираат на тлото на почвата и ги изведуваат егзекуциите врз живите организми.

Со согорувањето на разни материи во атмосферата, годишно достасуваат огромни количества штетни материи (јагленород, хлорофлуорјагленоводороди – пред сè од спрејови, како и метанот, кој потекнува од оризовите полиња, ѓубриштата и цревните гасови кои ги испуштаат животните) кои на овој начин деструктивно влијаат врз животната средина.

Рамнотежата на екосистемот е нарушена и со киселите дождови (продукт од стапувањето на дел од сулфурдиоксидот во хемиска реакција со влагата од атмосферата, при што се добива извесно количество сулфурна киселина). Киселите дождови ги загрозуваат шумите, ги закиселуваат површинските и потповршинските води, ја оштетуваат и ја деградираат почвата и др. Во основа на сето тоа е човекот и неговата свест, совест, знаење и умеење. Во краен случај од тоа зависи и самиот негов натамошен опстанок и развој. Ова пред сè и заради тоа што чувството за иднината има огромно значење во надминувањето на економските, политичките, идеолошките и другите конјунктурни мотиви.

Еколошкиот проблем, впрочем како и другите, не поднесува одлагање на конечното негово решение, бидејќи степенот на загаде-

носта на животната средина влегува во свеста на секој човек како нераскинлив дел од заедничките проблеми на современата меѓународна заедница. Поради тоа што, за жал, горчливата, практика зборува дека секое нарушување на состојбата на животната средина е проследено со нарушување на социјалните, урбанистичките и популациони односи.

Ако се знае дека планетата Земја е заеднички дом на сите луѓе, што подразбира дека сите треба да ја заштитуваат, чуваат и да ги унапредуваат животните услови како императив за егзистенција на современата цивилизација е соодветниот пристап во експлоатирањето на расположливите извори, суровините, енергијата, атмосферата, водите, шумите и почвата со формулата: да се користи она што може да се обнови и повторно да се создава. Во тој контекст одат и залагањата за исполнување на дел од одговорноста спрема просторот во кој живееме, како услов за нашиот опстанок. Решавањето на новонастанатата состојба во животната средина мора да почива на консензус на сите жители и на сите институции и политички фактори од сите земји на планетата Земја.

Затоа, како првостепен проблем на современиот степен од развојот на современото општество претставува определбата за зачувување на здравата животна средина, бидејќи екологијата, во споредба со онаа од времето на Хекел, која претставуваше дескриптивна историја на природата и на нејзините елементи, современата екологија преку изучувањето на процесот во целата биосфера стана наука од посебно значење за современото општество и поприма глобално значење, а нејзиното регулирање е услов и за воспоставување на социјална рамнотежа. Ако некои социјални состојби се подложни на соодветни корекции, тогаш залагањата за создавање на здрава животна средина изискуваат огромни напори и систематичност во работењето. Тоа е продукт на со години натоварените еколошки проблеми, тоа е резултат на ненавременото човеково реагирање. Затоа претстојниот развој на сите општествени дејности исклучително се обусловени од екологистичките критериуми околу создавањето на здрава животна средина, според научно утврдените хигиенски норми за секој субјект од општеството со ориентација не само професионалните и социјалните туку и еколошките норми и интереси да бидат

насочени кон елиминирањето на сите релевантни фактори кои на еден или на друг начин можат да повлијаат врз загадувањето на животната средина. Тоа подразбира изменување на природните физички, хемиски и биолошки вредности, од кои како последица произлегуваат масовни физиолошки растројства на организмот, создавање наследност на живиот организам (како последица на мутагени заболувања), заболувања на забите и коските, нарушување на нервниот систем (како последица од користење на загадени води), појава на масовни атипични заболувања и повеќе заразни болести, како и други последици од направени хазардни опасности од хемиски загадувања на животната средина.

Овие прашања што се покренуваат за настанатата еколошка криза директно се поврзани со прашања од далекусежно значење како за нашиот поглед на светот така и за условите за кои до пред неколку години верувавме дека ни овозможуваат егзистенција како на општествената заедница така и на поединецот.

Од тие причини оваа статија ќе биде посветена на заштитата на животната средина во земји со подолга еколошка традиција, како инспирација за спроведување на изнесените законски норми во заштитата на животната средина во нашата земја. Податоците ќе бидат изнесени според словото на законот за заштита на животната средина во соодветните земји.

**АНГЛИЈА:** За воведување интегрална контрола на загадувањето на животната средина, Англија во 1990 година го донесува Законот за заштита на животната средина. Имено, во желбата за постигнување на поголем ефект во заштитата на животната средина во оваа земја се формирани т.н. групи на граѓани со чија дејност се зголемува еколошката безбедност на земјата. Притоа Кривичниот закон овозможува оној што е оштетен, од еколошки аспект, да може да поднесе барање за судско гонење на сторителот на прекршокот. Според Законот за заштита на животната средина на оваа земја (сектор 81/3) овластеното лице може да побара наплата од актуелниот сопственик на објектот што негативно влијае врз животната средина, иако не сноси вина за деградирање на животната средина.

**АВСТРИЈА:** Во оваа земја еколошката инспекција, која инаку има пристап во сите документи или извештаи на објекти кои на еден или на друг начин можат деструктивно да влијаат врз животната средина, во услови на загадување на животната средина може производниот процес од соодветната фабрика да го стопира времено или постојано. Инаку казнената еколошка политика е прилично репресивна. Така, според Кривичниот закон (член 180, став 2) „не е потребно директно да се влијае врз здравјето на човекот, едноставно факт е дека се загадува животната средина“. Овој став се однесува и за случаи кога загадувањето е извршено од невнимание. Според чл. 180, алинеја „а“ од овој Закон е пропишана казна затвор од 6 месеци или парична казна која одговара на 360 дневници за секое надминување на дозволеното ниво на бучавата која може да предизвика трајни или сериозни оштетувања на здравјето на човекот, а според истиот овој член од овој Закон, став 2, со казна затвор од една година или со парична казна која ќе одговара на 360 дневници ќе се казни секој кој ќе биде откриен дека чува, транспортира, создава или фрла отпад или раководи со фабрика која исфрла отпад кој ја надминува дозволената граница. Член 182 од овој Закон ги заштитува животните. Така „со парична казна која одговара на 360 дневници или казна затвор од 2 години ќе се казни секој за противзаконско ширење болести меѓу животните и растенијата“. А за постапка од невнимание со што се загрозуваат животните и растенијата, сторителот се казнува со 360 дневници или со затвор од 6 месеци (чл. 183 од Кривичниот закон), додека според чл. 183, став „а“ од истиот Закон, не го заштитува загадувачот на овој дел од животната средина со изговорот дека не го познавал законот. Ваквиот случај се третира како да е чинот извршен смислено.

**БЕЛГИЈА:** Кривичниот закон на Белгија, според клаузулата внесена во претходно добиената дозвола за градба на соодветен објект, предвидува казна затвор од 8 дена до една година или парична казна од 100 до 100.000 белгиски франци во случај:

- во изградбата објектот остастапува од зацртаниот проект со што не се гарантира заштитата на животната средина;
- не се придржува на условите внесени во дозволата;

- на надлежниот инспекциски орган не му се доставуваат сите потребни информации;
- не ги извршува судските одлуки.

Во ваквите случаи судот може да го стопира натамошниот производствен процес а работодавецот подлежи на обврската да ги надомести паричните издатоци на вработените (паричните казни што биле изречени како „непосредни“ учесници во процесот од кого произлегле негативни последици врз животната средина).

**ГЕРМАНИЈА:** Иако Европскиот суд има донесено пресуда дека Германија не ги исполнува барањата на Европската заедница (82-884 80-779) за присуството на олово и сулфурдиоксид над дозволената норма во воздухот, сепак посебен интерес побудува Законот за одговорност за повреда на животната средина, донесен во 1990 година, во кого се регулира одговорноста на имателот на погонот за негативните влијанија што се чувствуваат во животната средина кои предизвикале смрт, повреда или материјална штета. Имателот се обврзува да ги надомести сите видови штети, та дури и во случаи кога погонот сè уште не е довршен. За одбележување во овој Закон е тоа што под поимот „штети врз животната средина“ што повлекуваат одговорност се подразбираат појави што предизвикуваат потрес, мирис, притисок, зрачење, ширење гасови, пареа, топлота и други појави и материи што се распространиле во воздухот, водите или почвата. Притоа, оштетениот има право на информирање за штетата и право на нејзино надоместување. Овој Закон не се применува за нанесени атомски штети, за кои важат посебни правила од Парискиот протокол од 1960 година и Бр餐селскиот протокол за атомските реактори од 1962 година. Законот содржи и кривични и прекршочни одредби, при што во услови кога е во прашање пропуст во надзорот како резултат на груба небрежност со последица на смрт, одговорното лице може да се казни со затвор до една година.

**ГРЦИЈА:** Според уставот на оваа земја (1975) „Заштитата на природната и културната средина е обврска на државата. За спроведувањето на оваа задача државата презема соодветни превентивни и репресивни мерки“ (чл. 24, став 1). За поголема ефикасност во

заштитата на животната средина, Грција има донесено повеќе закони и тоа; Закон за урбанистичко планирање и развој (1976 – дополнет 1983), Закон за заштита на морињата (1977), Закон за урбанизам (1979), Закон за заштита на животната средина (1986) со пошироко објаснување на поимите: загадување, еколошка рамнотежа, природни ресурси, отпад.

Околу спроведувањето во дело на овој Закон (чл. 3) доминираат следните задачи:

- активности за заштита на животната средина;
- определување на загадувачите на животната средина;
- мерки за попречување на загадувањето на животната средина;
- ризици и последици од загадена животна средина.

Според овој Закон непланското исфрлање на цврст отпад е строго забрането. Со претходна консултација со локалните власти стриктно се утврдува депонирањето на ваквиот отпад, а во согласност со министерствата за внатрешни работи, за здравство и за социјални грижи. Прекршителот на Законот за заштита на животната средина се казнува со затвор од 3 месеци до две години или парична казна до 1 милион драхми (чл. 28 од Законот за заштита на животната средина) а според чл. 57 од овој Закон во случај на тешки последици врз здравјето на човекот кои завршуваат со смрт, прекршителот се казнува со затвор од 12 месеци до 10 години и со парична казна.

**ДАНСКА:** Во 1990 година Данска го донесува новиот Закон за животната средина со цел заштитата да се прошири и на полето на енергетиката И, залагајќи се за поголема ефикасност во заштитата на животната средина, оваа земја воспостави соодветна законска регулатива со која само од таксите годишно се обезбедуваат 1.000 милиони дански круни што се влеваат во фондот за елиминирање на еколошките проблеми.

**РЕПУБЛИКА ИРСКА** во својот Закон за заштита на животната средина за исфрлен отпад кој разурнувачки влијае врз животната средина ја определила паричната казна од 1.000 ирски стерлинзи или

6 месеци затвор, а за потешки случаи можно е спојување и на двете казни.

**ИТАЛИЈА:** Со претседателски декрет во 1988 година е донесен Закон за заштита на воздухот, што всушност значи осовременување на Законот за „антисмогот“ од 1966 година, за во 1990 година да се надополни со прецизно определени толерантни граници на загадувачите, применување на методот за прибирање на примероци со нивна анализа и примена на нови производствени технологии кај најголемите индустриски производители – потенцијални загадувачи на воздухот.

Во 1976 година е донесен Законот за водите со кого се регулираат не само индустриските или комуналните отпадни води туку и квалитетот како на површинските така и на потповршинските води. Така, кога е во прашање течниот отпад, индустриските производители се обврзани да се држат до дозволените нивоа. „Правните и физичките лица, вклучувајќи ги и индустриските постројки, мора да платат за испуштање на отпадот и за прочистителните постројки“ (чл. 16 од Законот за водите).

Според чл. 2 од Законот за отпад, отпадот се дефинира како „која било супстанца или предмет што потекнува од активности на човекот и природни процеси“. Според Претседателскиот декрет 9/5 од септември 1982 година се врши класификација на отпадот и тоа: комунален отпад, индустриски отпад, медицински отпад, градежен отпад, токсичен и опасен отпад (за овој вид отпад се бара дозвола за депонирање, транспортирање или преработка) притоа производителите на овој вид отпад се одговорни за негово уништување, било лично или пак тоа да го препуштат на стручни институции со соодветна финансиски надомест за услугите.

На 1 март 1991 година во оваа земја стапи на сила Декретот на претседателот на Советот на министри под наслов „максимално дозволени граници на бучавата во станбени и надворешни средини“. Како што се гледа од насловот, со овој Декрет не е опфатена бучавата што произлегува од индустријата и авиосообраќајот. Според овој Декрет се разликуваат 6 области на (не)дозволена бучава, каде што се дефинира максимално дозволеното ниво на бучавата (како за дневните така и за ноќните часови). Така, според чл. 844 од Граѓанскиот законик

„поединец не може да го спречи соседот да создава чад, топлина, испарување, вибрации и сл. ако не ги преминува дозволените граници (пропис наменет за осигурување на сопственичките права).

Во утврдувањето на еколошката штета, покрај ресорното министерство за екологија, свои компетенции имаат и соодветните министерства (во зависност од видот на еколошкиот инцидент) но не и на претседателот на Советот на министри (чл. 18, став 3 од Законот за заштита на животната средина). За време на процедурата за утврдување на причинетата штета врз животната средина, државата и локалните органи ги застапува државниот правобранител.

Кога е во прашање загадувањето на воздухот, се преземаат ригорозни мерки. Така, според чл. 674 од Кривичниот закон „секој што исфрла или испушта, на јавно или сопствено место кое се користи од јавноста или трети лица, работи што можат некого да го повредат, извалкаат или вознемират, или да испушта гас, или чад, што може да ги предизвика горе спомнатите ефекти, се казнува со затвор до 1 месец или парична казна до 400.000 италијански лири“. Односно „секој што нема да се усогласи со наредба издадена од административните власти која се однесува на човековото здравје и сигурност се казнува со парична казна до 400.000 италијански лири или затвор до 3 месеци“ (чл. 650 од овој закон).

Според Законот за водите, дозвола за отстранување на течен отпад мора да биде издадена пред да биде извршено испуштањето. „Секој што испушта течен отпад без потребна дозвола, или продолжува да испушта течен отпад по одбивање или укинување на дозволата, се казнува со затвор од 2 месеца до 2 години или парична казна од 500 илјади до 10 милиони италијански лири“ (чл. 21/1).

**ЛУКСЕМБУРГ:** За зачувувањето на животната средина Луксембург има издадено Акт во 1980 година, според кого за исфрлен отпад, кој негативно се одразува врз животната средина е предвидена парична казна од 250 до 200.000 луксембуршки франци или казна затвор од 8 дена до 6 месеци, а ако во рок од две години не се реализира оваа казна, тогаш таа се дуплира. Истата казна и истите услови важат и за повреда на Актот од 1976 година, кој ја регулира бучавата. Ако се докаже дека една фабрика ја загрозува животната средина, односно

ги загадува потповршинските води, следува парична казна од 250 до 5 милиони луксембуршки франци или затвор на раководниот орган од 8 дена до 6 месеци, дури може фабриката да биде затворена целосно или нејзин одделен погон.

**ПОЛСКА:** Уште во 1974 година оваа земја има донесено Закон за водите, според кого површинските води се класифицирани во три категории (вода за задоволување на човековите потреби, вода за потребите на животинскиот свет, односно за општи земјоделски потреби и вода за потребите на индустријата).

Во прилог на заштитата на животната средина оваа земја, отпочнувајќи од 1953 година, кога е донесен Законот за експлоатација на рудното богатство па сè до 1991 година има донесено 12 закони.

Кога е во прашање дозволената концентрација во загадувањето на воздухот, според одредбите од 12 февруари 1990 година (Законот за воздухот, донесен 1980 година) се утврдени дозволените степени на загадување на воздухот на целиот простор, вклучувајќи ги и просторите ставени под посебна заштита (како што се бањските лекувалишта и националните паркови). Просторите со посебен надзор имаат различни нивоа на дозволена концентрација од загадувачки честички. Нивото на загаденоста на воздухот се пресметува за вкупно 44 параметри и тоа на секои 30 минути, на секои 24 часа и еднаш годишно.

Со Законот за отпад (донесен во 1980 година) отпадот се дефинира како искористен материјал, продуциран од човековата активност, кој посредно или непосредно влијае врз зголемувањето на степенот на загаденоста на животната средина. Отпадот кој може да предизвика загадување или инфекции може да се реупотреби само со претходна дозвола од надлежен орган (овој став се однесува и на спалувањето на отпадот). Во 1980 година со Закон строго се забранува увоз на отпаден материјал. За кршењето на оваа одредба следува кривична одговорност со максимална казна затвор од 3 години, заедно со парична казна.

Во услови кога настанале сериозни здравствени последици или смрт, продуцирани од загадената животна средина, причинителот подлежи на казна затвор од 6 месеци до 8 години, а пак во случаи кога правното или физичкото лице не се согласува или отстапува од

обврските за заштита на природните медиуми, следува казна затвор до 3 години.

**ПОРТУГАЛИЈА:** Во 1987 година е донесен Законот за заштита на животната средина, кој го содржи основното начело дека сите граѓани имаат право на здрава животна средина и тие се должни да ја заштитуваат животната средина, а државата е должна да го подобри квалитетот на животот на граѓаните. Според овој Закон, кога е во прашање заштитата на воздухот, се определува начелото „загадувачот плаќа“, се ограничуваат сите испуштања на отровни гасови од фабриките, се определуваат мерки за заштита на животната средина (пред сè видот на фабричките оџаци) и се определува превентивно-казнената политика.

За ефикасна заштита на водите се утврдува заложбата за нивно рационално експлоатирање, создавање крајбрежна област за заштита, воведување превентивни мерки и филтри на најголемите индустриски капацитети што испуштаат отпадни води како и ограничување на испуштањето на фекалии во канализационите мрежи.

И во заложбите за заштита на почвата се потенцираат неколку услови кои се насочени кон гарантирањето дека почвата определена за нејзино обработување нема да биде употребена за други цели, регулирање на употребата на вештачки ѓубрива и други хемикалии, спроведување на планска урбанизација како и најбезболно лоцирање на депониите.

За создавање отпад и фекалиите потребно е претходно овластување од надлежните органи (истото се однесува и за транспортот, складирањето и постапувањето со отпадот), а токсичниот отпад, ако не може да се отстрани, тогаш барем да се неутрализира со примена на соодветни технологии. Во услови кога граѓанското право на здрава животна средина е прекршено, граѓанинот има право да бара прекинување на натамошниот тренд на загадување. Така, во чл. 483 од Граѓанскиот закон „граѓанската одговорност“ ја дефинира на следниов начин: „кој било смислено или од невнимание го прекршува правото на трето лице или која било легална одредба за заштита на правото на некој, треба на оштетената страна да ѝ надомести за штетата што произлега од прекршокот“.

**СРБИЈА:** Во 1991 година и оваа земја донесува Закон за заштита на животната средина, чија основна содржина е во настојувањето да се потенцира важноста од зачувувањето на природата и создадените вредности во животната средина, при што се донесени неколку законски мерки (мерки за заштита во планирањето и изградбата, мерки за заштита на воздухот, водите, почвата, шумите, растителниот и животинскиот свет, мерки за заштита на природните добра, односно националните паркови, резервати на природата, мерки за заштита од јонизирачко зрачење, од опасни и штетни материи, одредби за финансиски средства, за инспекции и надзор, како и казнени одредби).

**ТУРЦИЈА:** Некои закони кои навлегуваат во сферата на заштитата на животната средина датираат уште од 1930 година (Законот за здравство), потоа Законот за локалната управа (1949), за попрецизно да се дефинира заложбата за заштита на животната средина со Законот донесен во 1983 година. Впрочем и во Уставот на оваа земја (ратификуван во 1982 година) се вели: „секој има право да живее во здрава и балансирана средина. Државата и граѓаните се должни да ја заштитуваат животната средина и да се залагаат за заштита од нејзино загадување" (чл. 56).

Според Законот за шуми (донесен 1956 година) се издиференцирани три категории шумско богатство: шуми кои припаѓаат на државата, на локалната управа и шуми во приватна сопственост.

Кога станува збор за заштита на животната средина од аерозагаденоста, Законот за заштита на животната средина зборува за загадување на воздухот само кога се однесува на загадувањето воопшто, при што е назначен пропис за заштита на воздухот со соодветни стандарди. Така во чл. 2 од овој пропис стои: „Целта на овој пропис е да го стави под контрола растурањето на пепел, прашина, гасови, пареа и аеросоли продуцирани од разни активности, да го заштити граѓанинот и неговата животна средина од опасности што би се јавиле во воздухот...".

За заштита на водите, било површински или потповршински, се донесени повеќе законски прописи, меѓу кои, во оваа прилика, да ги изнесеме само следниве: Законот за подводни активности (бр. 1380 од 1971 година) содржи повеќе принципи. Според овој Закон, пред

која било вода да биде преградена со брана, како резервоар или вештачко езеро, мора претходно да се добие согласност од надлежен орган, односно да се добие гаранција дека водата нема да биде загадена. Иста е постапката и за потповршинските води кога се користат за наводнување или за производство на енергија.

За да се намали ризикот од загадувањето на водите од индустриските или комунални отпадни води, се води стриктна контрола преку евидентирањето на чистата вода која влегува во објектот (преку мерачот за вода) односно аналогно на тоа истата таа и излегува. Ако се задоволуваат потребите за вода од извор или од бунар (надвор од водоводната мрежа) во добиената дозвола од надлежниот орган е наведена и количината на отпадната вода.

За да се добие дозвола за испуштање на индустриска отпадна вода потребно е да се наведе видот и количината на производството и на репроматеријалот, бројот на вработените, потрошувачката на вода и енергија, методот на производствениот процес, видот на отпадоци и мерки за пречистување на отпадните води. Дозволата се обновува периодично.

Регионите каде што загадувањето на водата е високо концентрирано, се означени во рамките на критериумите за квалитетот на водата и потенцијалната опасност за нејзино поврзување со потповршинските води.

Во Законот за заштита на животната средина посебно поглавје е посветено на бучавата. Така, во чл. 14 стои: „Создавањето бучава над законски пропишаните стандарди која го загрозува одморот и психичкиот мир, како и физичкото и менталното здравје на човекот е забрането. Ќе се преземат неопходни мерки до минимум да се намали бучавата од фабриките, работилниците, индивидуалните станови и превозните средства.

Во врска со регулирањето на прашањето со отпадот, во Законот за заштитата на животната средина (чл. 20) стои: „Оној што внесува, чува и несоодветно го транспортира отпадот со што посредно или непосредно е во спротивност со пропишаните норми, се казнува со парична казна од 100 илјади лири“, односно „оние кои не доставуваат редовни извештаи за погонските средства и создаваат отпад се казнуваат со парична казна од 500 илјади лири“ (чл. 21 од Законот за

животна средина). Според чл. 26 од овој Закон „во услови ако тужителот не бара построго казна, оние кои покажуваат лажни документи кога ќе им се побара законска документација, ќе бидат казнети со затвор од 1 до 3 години. Оние кои доставуваат лажни информации при пополнувањето на барањето на потребната документација, се казнуваат со затвор од 6 месеци до 2 години".

**ФРАНЦИЈА:** За заштита на животната средина во Франција карактеристично е тоа што формираната еколошка финансиска агенција претставува типичен пример за принципот „загадувачот плаќа". Овој орган врши наплата за сите видови прекршоци нанесени врз животната средина. Во таа насока се движи и казнената еколошка политика. Имено, според тежината и видот на еколошкиот прекршок на оваа земја постојат неколку судски инстанци и тоа: Врховен суд, Полициски или магистрален суд, Апелационен суд, Касационен суд и Цивилен суд. Инаку, штетите врз животната средина во Франција се санкционираат со два типа казни: кривични казни, донесени од јурисдикционалните судови и административни казни, донесени од административните судови. Утврдувањето на штетата врз животната средина ја вршат полициски стручњаци (инспектори од одделот за кривична истрага, определени стручњаци по одделни области – земјоделски, шумарски инженери и здравствени стручњаци). Според Цивилниот закон за заштита на животната средина се пружа можност и на одделни цивилни лица да можат да покренат судска постапка против прекршителите на состојбите во животната средина. Ваквата цивилна активност може да продуцира и компетентен цивилиен суд, независен од кривичниот процес. Според Кривичниот закон на оваа земја (1985), чл. 466, за помалите прекршоци врз животната средина сторителот се казнува од 30 до 10 илјади француски франци или затвор од 2 месеца. Според чл. 25 од Кривичниот закон раководните лица свесно (или при чиста совест) дозволиле на кое било лице да не ги почитува одлуките за заштита на животната средина, сносат полна одговорност. А според чл. 232-2 од Законот за селски населби, директно или индиректно се казнуваат оние лица кои не се придржуваат на Законот за отпадни води и за отпадот.

**ЧЕШКА И СЛОВАЧКА:** Отпочнувајќи од 1989 година на заштитата на животната средина ѝ се дава особено големо внимание. Сè до распаѓањето на Чехословачка (1992), одговорноста за заштитата на животната средина беше поделена помеѓу федералното законодавство и законодавствата на двете републики. Законската одлука од 1993 година го пренесува поголемиот дел од поранешното федерално законодавство во доменот на законодавствата на Чешка и Словачка Република.

Законот за воздухот (309/1991) ги дефинира аерозагадувачите и ги наведува изворите, како што се индустриските и индивидуалните загадувачи. Притоа за изградба на индустриски објект претходно треба да се добие дозвола од надлежниот орган и да се почитуваат сите законски обврски за во производствениот процес од тој објект да не се влошува квалитетот на животната средина. Во групата на индустриски објекти кои подлегнуваат на оваа обврска се и оние што се изградени пред да се донесе овој Закон (обврска за осовременување на производствениот процес со што би се одговарало на горните критериуми).

Со Законот за отпад (донесен во 1991 година) е опфатен индустрискиот и комуналниот отпад, каде што се прецизира дека секој што создава, складира, транспортира, рециклира или отстранува отпад, мора претходно да има дозвола од надлежниот орган, притоа созадавачите на отпад се обврзуваат него да го следат и најбезбедно да го елиминираат.

За заштита на водите, во 1974 година е донесен соодветниот Закон со кој се регулира експлоатацијата како на површинските така и на потповршинските води, но се внесуваат и одредби за заштита на овој природен медиум. Така, за какво и да е испуштање на отпадни води во водотеците потребна е согласност од надлежен орган (договорот се однесува за определен временски период како и за количината на отпадната вода). Во услови на промена на сопственоста не го менува горниот услов. За објект кој во својот производствен процес месечно користи 1250 кубни метри, односно годишно 15.000 кубни метри, има обврска да ангажира стручни лица за перманентно следење на начинот на експлоатацијата на водата, односно за нејзино исфрлање во крајниот реципиент. Во тој контекст е и заложбата вградена во

данокот за доход каде што се стимулираат оние производни организации кои во својот производен процес се ориентирале на експлоатирањето на мали хидроцентрали, користење како погонско средство на ветерот и термалните води (за непрекината ваква ориентација во траење од 5 години се ослободени од плаќање на данок за доход).

Ист е случајот и со корисниците на моторни возила. Се стимулираат оние кои како погонско средство ја користат електричната енергија или имаат вградено катализатор – ваквите учесници во сообраќајот се ослободени од данок за патишта и нивната заштеда се движи од 1200 до 50400 чешкословачки круни – во зависност од типот и кубикажата на моторот на возилото. Привелегиран третман имаат и оние сопственици на имот кои континуирано во време од 5 години инвестирале во технологија со која на минимум е сведено загадувањето на животната средина (Закон за данок на имот 338/1992).

За поголемите аерозагадувачи е предвидена можност за постојана инспекциска контрола од страна на надлежниот орган. Непочитувањето на утврдената толеранција повлекува казна од 500 илјади чешкословачки круни.

Каков и да е прекршок кој негативно влијае врз животната средина повлекува казна затвор од 1 до 8 години или парична казна од 30 илјади до 10 милиони круни чешкословачки и одземање на дозволата за натамошно работење (Законот 309/1991).

Во оние области каде што е направено поголемо аерозагадување можат да бидат изречени посебни казни од 5 илјади до 5 милиони круни чешкословачки. Овие казни можат да бидат удвостручени доколку истиот прекршок е повторен во рок од една година. Дополнително властите можат да ја суспендираат натамошната работа на фабриката.

Сите индустриски објекти кај кои постои можност за аерозагадување годишно плаќаат такса, во зависност од количеството и типот на загадувањето ѝ варира помеѓу 600 и 20 илјади чешкословачки круни. Оваа такса може да биде зголемена и до 50% ако објектот ги пречекори дозволените граници.

За непочитувањето на прописот за регулирање на прашањето со отпадот следува казна од 10 милиони чешкословачки круни, а ако

прекршокот се повтори во рок од 12 месеци, казната се удвостручува (Закон 238/1991).

**ШВАЈЦАРИЈА:** Оваа земја во 1983 година има донесено Закон за животната средина во кого се поставуваат основните цели во заштитата на луѓето, животните и растенијата и нивната биолошка заедница, притоа го воведува принципот на превенција и одговорност (плаќање) на загадувачот. Во настојувањето да се обезбедат услови за здрава животна средина, подоцна се донесени одделно Законот за заштита на воздухот, Законот за опасни материи, Законот за асанација на отпадот и Законот за заштита на почвата. Притоа се пропишани и соодветни административни казни за сопственици и ракувачи на објекти кои на еден или на друг начин негативно влијаат врз животната средина и кривични казни (за физичките лица, компанијата како целина и вработените, зависно од нивните одговорности). Според Законот за заштита на животната средина во зависност од тежината на прекршокот, казната затвор може да се движи од 3 дена до 3 години (чл. 36) или парична казна до 40 илјади швајцарски франци (чл. 48) а според чл. 58 покрај паричната и затворската казна може да биде конфискуван и имотот.

Иако строгоста е очигледна, ако швајцарскиот Закон за заштита на животната средина се спореди со соодветниот Закон на Европската заедница, се доаѓа до следната констатација: швајцарскиот Закон за водите има поблаги критериуми од Законот на Европската заедница кога е во прашање водата за пиење, што пак е спротивно кога е во прашање Законот за заштита на воздухот (иако во практиката во Швајцарија често состојбата со овој клучен природен медиум често ја надминува дозволената толеранција), во поглед на Законот за отпадоци, критериумите се изедначени, а Законот за заштита на почвата на Швајцарија е поефикасен и построг од соодветниот Закон на Европската заедница, исто може да се рече и за Законот за бучавата (соодветниот Закон на Европската заедница се однесува исклучиво на бучавата од подвижни извори).

Инаку, Швајцарија има предвидено и соодветни строги казни за прекршителите од областа на животната средина. Така, за нанесување штета врз животната средина од сообраќајот и индустријата е

предвидена строга одговорност (според Законот за воздухот само изумирањето на молци и пеперутки – предизвикано од загаден воздух не се смета за прекршок). А во случај на еколошки инцидент спрема сопственикот на објектот, причинител на новонастанатата состојба, се применуваат административни казни, а спрема непосредните учесници, кривични санкции. Така, според чл. 60 за да се намалат негативните ефекти врз животната средина (дали е тоа намерно или ненамерно) сноси соодветна одговорност лицето кое изнесува на пазар стока која е штетна за човековото здравје, без оглед на тоа дали е запознато за тоа или не и ако изнесува на пазар стока која нема упатства за нејзината употреба или за нејзините последици врз животната средина.

Во уставите на неколку земји, кога станува збор за заштита на животната средина, пред сѐ, се потенцира здравјето на човекот и заложбата за „здрава и пријатна средина“ (тоа е примерот со Перу – 1979, Никарагва – 1987, Унгарија – 1990, Словенија – 1991, или како „јавно здравје и заштита на животната средина“ (тоа е примерот со Гвајана – 1980, Гвинеја – 1982, Колумбија – 1991).

Во некои земји се споменува поимот животна средина и обврските што треба да се преземат за нејзината заштита, покрај правото, уставните одредби изрично зборуваат за „обврски“, „должности“, „одговорности“ и тоа за различни субјекти и во различни комбинации („државата“, „сите“, „граѓаните“) или пак како „должност на државата“ (како што е случајот со Уставот на Албанија, Индија, Кина, Малта, Холандија, Чиле) додека како „должност на граѓаните“ во Уставот на Алжир и Бугарија, односно како „должност на сите граѓани“ во Боливија, додека, пак, во Руската Федерација „сите“, или „сите и државата“ во Кореја, „заедницата“ во Шведска итн.

Земајќи ги предвид искуствата од земјите со подолга еколошка традиција, кои според можностите и актуелните политичко-правни рефлекси изготвија свои модели на должноста на граѓаните за зачувување на здрава животна средина, регулирани во уставите, од една а од друга страна поради натрупаните еколошки проблеми во нашата земја, поради загрижувачките појави и состојби на енормни деградации на животната средина, во услови на стопанска неразвиеност, кога целите на општествениот развој исклучително се насочени

кон постигнување на повисок квалитет на живеење од што еколошките прашања остануваа на втор план, согледувајќи ја неконкретноста на технологијата за следење на состојбите во животната средина, на 17 декември 1996 година е донесен Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата и во нашата земја.

Основните начела, врз кои се заснова овој Закон се: Остварувањето на правото на граѓаните на здрава животна средина, остварувањето на обврските и должностите на правните и физичките лица за унапредување и заштита на животната средина и на природата, обврска на Републиката за обезбедување услови за остварување на правото на граѓанинот на здрава животна средина, ефикасност, рационалност и ажурност на органите во спроведувањето на мерките за заштита на животната средина.

**Клучни зборови:** еколошки инцидент, еколошка етика, еколошка криза, еколошка безбедност, еколошка политика, еколошка рамнотежа, еколошка штета, загадувачот плаќа, еколошки инцидент, еколошки проблеми, еколошки прашања.

## SUMMARY

Krste RISTESKI

### PROTECTION OF THE LIVING ENVIRONMENT IN COUNTRIES WITH A LONGER ECOLOGICAL TRADITION

Analyzing our country's determination to preserve a healthy living environment, it is evident in itself that even though our country is one that has new constituent products, our legislator has not only emphasized the pressing need to maintain a healthy living environment, but has also, through different measures and activities, regulated by the Law on the Protection and Promotion of the Natural and the Living Environment, explicitly entered the scale of international involment in maintaing a healthy living environment.

This is the very reason why I am dedicating this article to the protection of the living environment in countries with a longer ecological tradition, as an inspiration for the implementation of the described legal measures on the protection of the living environment in our county.